# С О О П Ш Т Е Н И Е
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН ВТОРПАТ, ТРЕТПАТ, ЧЕТВРТИПАТ, ПЕТТИПАТ,... СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА И ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР ОД УЧЕБНАТА 2022/2023 НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Запишувањето на летниот семестар во учебната 2022/2023 година и заверката на зимскиот семестар од учебната 2022/2023 година ќе се врши во периодот од:

**08.02.2023 година до 16.02.2023 година**
**(преку шалтерите на студентската служба)**
**во периодот од 11,00 - 14,00 часот**

**Пријавувањето на предметите кои студентите ќе се слушаат во летниот семестар од учебната 2022 /2023 година по електронски пат е задолжително за сите студенти и ќе биде достапно до 16.02.2023 година**

По овој рок online пријавувањето ќе биде оневозможено и студентите запишувањето на семестарот ќе можат да го извршат со казна во висина од 500 ден. (**најдоцна до 28.02.2023** година).

На шалтер нема да бидат примени некомплетни документи.

Запишувањето на летниот семестар во учебната **2022/2023** година и заверката на зимскиот семестар од учебната 2022/2023 година ќе се врши во следните термини:

| Датум | Година на студии |
|---|---|
| **8 и 9.02.2023** | II година |
| **10 и 13.02.2023** | III година |
| **14, 15 и 16.02.2023** | IV година и<br>$IV_2$ година (повторувачки семестар) |

**Потребни документи за запишување и заверка на семестар:**

**1. ИНДЕКС**

**2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР (А3)** (се запишуваат предметите кои се пријавуваат за слушање во летниот семестар во учебната **2022/2023**).

**3. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР (А4)** (се запишуваат предметите кои се слушале во зимскиот семестар од учебната **2022/2023**).

**4. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)**, во корист на Машински факултет на **СМЕТКА 100000000063095, ЕДИНКА КОРИСНИК 1600104278 788 11, ПРИХОДНА ШИФРА 723012 41 и НАЧИН 2.**

- студентите кои се запишани во државна квота (со надоместок за студирање во висина од 200 eur) треба да уплатат **6 150** ден., со цел на дознака - втора рата од партиципација,
- студентите кои се запишани со надоместок за кофинансирање на студиите (во висина од 400 eur), треба да уплатат **12 300** ден., со цел на дознака - втора рата од школарина.

Студентите се должни да се најават на страницата на iknow системот, линк: http//www.iknow.ukim.edu.mk и по електронски пат да ги пријават предметите кои ќе ги слушаат во летниот семестар во учебната 2022/2023. (неположените предмети од претходниот летен и предметите од тековниот летен семестар).

**При запишувањето на семестарот студентот прво ги запишува неположените задолжителни предмети од претходниот летен семестар и неположените изборни предмети од претходниот летен семестар, потоа неположените задолжителни предмети од тековниот летен семестар и на крај изборните предметите од тековниот летен семестар, при што вкупните обврски во семестарот да не надминуваат 35 ЕКТС).**

Студентите се должни да ги впишат во својот индекс насловите на пријавените предмети и бројот на (ЕКТС) кредити за секој предмет поединечно (на страната каде ќе го запишат летниот семестар во учебната 2022 /2023).

Студентите кои имаат освоено 200 ЕКТС кредити имаат право да запишат и дипломска работа. За таа цел треба да пополнат образец Избор на тема за дипломска работа (ОБ 8.2/12) и да го приложат заедно со другите документи.

Студентите кои заклучно со јануарско-февруарската испитна сесија не ги положиле испитите од летниот семестар од претходната учебна година, должни се истите да ги презапишат и да извршат дополнителна уплата:

1. Во висина од **20** eur (во денарска противвредност) за секој **првпат** презапишан предмет .

2. Во висина од **50** eur (во денарска противвредност) за секој **вторпат, третпат и повеќе пати** презапишан предмет .

Уплатата за презапишани предмети се врши на образец пп 50 , со цел на дознака - за презапишани предмети (Плаќањето за повеќе презапишани предмети може да се изврши на една уплатница) на следниот начин:

Назив на примачот: Буџет на РМ, Машински факултет - Скопје
Банка на примачот: НБРМ
Сметка: **100 0000000630 95**
Износ:
Сметка на буџетски корисник: **1600104278 788 11**
Приходна шифра: **723012 41** начин: **2**

**За секое задоцнето запишување на семестар, студентите се должни да уплатат казна во висина од 500 денари , согласно одлуката бр.02-2331/1 од 16.09.2005 г. донесена врз основа на ценовникот за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите, (донесен од советот за развој и финансирање на високото образование).**

Скопје 24.01.2023 година

Машински факултет - Скопје